**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 септември 2018 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: август 2018 година

- Трендот на намалување на просечната каматна стапка на вкупните кредити продолжи и во август 2018 година, со остварено месечно намалување од 0,01 п.п., при што стапката се сведе на 5,49%. Просечната каматна стапка на вкупните депозити се задржа на нивото од претходниот месец и изнесува 1,42%.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити во август оствари месечно намалување од 0,02 п.п. и изнесува 4,85%. Од друга страна, просечната каматна стапка на новопримените депозити се зголеми за 0,28 п.п. и изнесува на 1,54%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 8.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 1.2018 | 2.2018 | 3.2018 | 4.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 7.2018 | 8.2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.93** | **5.89** | **5.86** | **5.82** | **5.73** | **5.72** | **5.70** | **5.67** | **5.65** | **5.61** | **5.57** | **5.50** | **5.49** |
| Корпоративен сектор | 5.42 | 5.36 | 5.31 | 5.25 | 5.14 | 5.12 | 5.09 | 5.03 | 5.01 | 4.96 | 4.92 | 4.83 | 4.81 |
| Домаќинства | 6.48 | 6.46 | 6.43 | 6.40 | 6.38 | 6.37 | 6.36 | 6.35 | 6.33 | 6.29 | 6.25 | 6.20 | 6.18 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.18** | **5.06** | **5.09** | **5.10** | **4.88** | **5.13** | **4.98** | **4.92** | **4.94** | **4.93** | **4.97** | **4.87** | **4.85** |
| Корпоративен сектор | 4.96 | 4.74 | 4.84 | 4.89 | 4.72 | 4.96 | 4.56 | 4.61 | 4.51 | 4.59 | 4.64 | 4.57 | 4.58 |
| Домаќинства | 5.68 | 5.78 | 5.55 | 5.52 | 5.35 | 5.50 | 5.60 | 5.56 | 5.59 | 5.57 | 5.53 | 5.38 | 5.35 |
| **Вкупни депозити** | **1.51** | **1.52** | **1.52** | **1.52** | **1.51** | **1.51** | **1.50** | **1.48** | **1.46** | **1.46** | **1.45** | **1.42** | **1.42** |
| Корпоративен сектор | 1.82 | 1.96 | 1.93 | 1.91 | 1.76 | 1.77 | 1.72 | 1.69 | 1.71 | 1.69 | 1.63 | 1.55 | 1.60 |
| Домаќинства | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.45 | 1.43 | 1.43 | 1.43 | 1.40 | 1.40 |
| **Новопримени депозити** | **1.25** | **1.34** | **1.38** | **1.26** | **1.29** | **1.36** | **1.57** | **1.47** | **1.10** | **1.43** | **1.29** | **1.26** | **1.54** |
| Корпоративен сектор | 1.03 | 1.20 | 1.03 | 0.98 | 1.02 | 0.95 | 1.42 | 1.08 | 0.68 | 1.39 | 0.89 | 0.85 | 1.49 |
| Домаќинства | 1.45 | 1.51 | 1.73 | 1.57 | 1.57 | 1.61 | 1.71 | 1.79 | 1.46 | 1.48 | 1.55 | 1.55 | 1.59 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промени на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозити/кредити (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Во август, каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор изнесува 4,81% и на месечна основа е намалена за 0,02 п.п.. Промената произлегува од каматните стапки на кредитите во странска валута и кредитите во денари без валутна клаузула (пад за 0,05 и 0,02 п.п., соодветно), при минимално зголемување на каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). Во споредба со август 2017 година, оваа каматна стапка е намалена за 0,61 п.п..







Извор: НБРМ.

– Во август, просечната каматна стапка по која се одобрувале новите кредити на корпоративниот сектор изнесува 4,58% и во споредба со претходниот месец забележа минимален месечен раст од 0,01 п.п.. На годишна основа, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,38 п.п..







Извор: НБРМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити од корпоративниот сектор во август изнесува 1,60%, при месечно зголемување од 0,05 п.п.. Анализирано според валутната структура, промената произлегува од растот на каматната стапка на примените денарски депозити со валутна клаузула (за 0,23 п.п.), како и на каматната стапка на депозитите во странска валута (за 0,09 п.п.). Споредено на годишна основа, стапката бележи намалување од 0,22 п.п..

– Во август годинава, просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] од корпоративниот сектор изнесува 1,49% и оствари значаен месечен пораст од 0,64 п.п., пред сѐ како резултат на зголемувањето на каматните стапки кај депозитите во странска валута и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,69 п.п. и 0,62 п.п., соодветно), делумно неутрализирани со падот кај каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,48 п.п.). Во однос на август минатата година оваа каматна стапка е зголемена за 0,46 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата во август изнесува 6,18%. Во однос на јули, остварено е месечно намалувањето од 0,02 п.п. како резултат на падот кај сите компоненти во оваа категорија: каматната стапка на кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.), како и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,02 п.п., соодветно). На годишна основа, кај каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е забележан пад од 0,30 п.п..

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата во август изнесува 5,35%, при евидентирано месечно намалување од 0,03 п.п. Од аспект на валутната структура, намалувањето произлегува од падот на каматните стапки кај сите валутни сегменти и тоа: каматните стапки на кредитите во странска валута,

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,60 п.п., 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно). На годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,33 п.п..







Извор: НБРМ.

- Во август, просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата се задржа на минатомесечното ниво од 1,40%. Во однос на август 2017 година, каматната стапка е намалена за 0,07 п.п..

- Просечната каматна стапка на новопримените депозити[7] од домаќинствата, во август оствари месечен раст од 0,04 п.п. и изнесува 1,59%. Зголемувањето на месечна основа главно се должи на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,16 п.п. и 0,08 п.п., соодветно), во услови на пад на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,10 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е повисока за 0,14 п.п..

[7] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 октомври 2018 година (референтен пресек заклучно со септември 2018 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).